РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 07.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2689/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Датум на извршување на надзорот:** 7 јули 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – јавна опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип беше извршен на 30.4.2026 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно до Агенцијата не достави документ за регистрација на странското правно лице, основач на радиодифузерот, од соодветниот регистар на земјата во која е регистриран, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот (не постар од седум дена од денот на доставувањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач).

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена бр. 03-136 од 21.5.2026 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1973/1 од 30.4.2026 година).

6. **Констатации од надзорот:** На 24-ти јуни 2026 година Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип ги достави во Агенцијата потребните документи, со што ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.